# И З В Е Ш Т А Ј

**на Надзорниот Одбор**

**на ГД Гранит АД Скопје**

**за 2019 година**



**А П Р И Л  2 0 2 0**

**Гранит Скопје**

**Содржина:**

1. Работа на Надзорен Одбор во 2019 година
2. Надзор над управување на ГД Гранит АД Скопје
3. Работа на Служба за внатрешна ревизија во 2019 година
4. Соработка со Управен Одбор на ГД Гранит АД Скопје
5. Препораки од Надзорен Одбор до Годишно собрание на акционери
6. Заклучни согледувања

## I. РАБОТА НА НАДЗОРЕН ОДБОР ВО 2019 ГОДИНА

Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје е самостоен и независен орган кој извршува активности согласно законската прописи, општите акти и ја спроведува утврдената деловна политика на Собранието на Друштвото.

И во 2019 година, Надзорниот Одбор се грижеше да обезбеди одговорно работење на ниво на Друштвото, преку спроведување на надзор над управувањето на Друштвото и извршување на останатите активности согласно Законот за трговските друштва.

Во тие рамки, а согласно Статутот и Деловникот за работа на Надзорен Одбор на ГД Гранит АД Скопје:

- Спроведуваше увид и проверка во книгите на Друштвото;
- Вршеше оценка на точноста и доследноста на информациите и финансиските извештаи;
- Ја надгледуваше имплементацијата на стратешките политики на Друштвото;
- Вршеше надзор над работењето и донесените акти од страна на Управниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје; и
- Носеше одлуки и даваше препораки и согласности, во рамки на потребите на Друштвото, а согласно своите надлежности;

Во периодот јануари-декември 2019 година, Надзорниот одбор ги извршуваше своите активности одржувајќи редовни седници, вкупно 5 (пет) редовни седници, кои беа навремено свикани од страна на Претседателот на Надзорниот Одбор и на кои беа донесени вкупно 26 одлуки за на прашања од неговата надлежност.

Членовите на Надзорниот Одбор во 2019 година, колективно и секој поединечно, работеа во насока на исполнување на законските обврски, со што придонесоа за успешен деловен континуитет и стабилно корпоративно управување, преку:

- Следење и разгледување на ликвидноста, економско финансиската состојба на Друштвото и донесување соодветни одлуки за ефикасна искористеност на средствата;
- Давање насоки за развој, унапредување и развој на работењето на Друштвото;
- Разгледување информации доставени од Управниот Одбор на Друштвото;

Во 2020 година, Надзорниот Одбор ќе настојува да ги унапреди и доразвие моделите на корпоративно управување и континуирано надградување на стратешките приоритети на Друштвото.

## II. НАДЗОР НАД УПРАВУВАЊЕТО НА ДРУШТВОТО

### 1. Разгледување на квартални извештаи од работењето на Друштвото

Извештаите за работењето на организационите и работните единици кои функционираат во рамки на Друштвото се основа за континуирана анализа и контрола преку кои Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје вршење надзор над управувањето спроведено од страна на Управниот Одбор и во зависност од утврдените потреби носеше одлуки. Динамичноста на придвижување на економските текови во Р. Северна Македонија во 2019 година, ја констатираше и Надзорниот Одбор според кој во 2019 година, Друштвото оствари позитивни резултати од работењето, како резултат на инвестициите во градежништвото и стратешкото раководење и управување на Друштвото.

### 2. Контрола на годишните сметки, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на ГД Гранит АД Скопје

Контролата и проверката на Годишната сметка и консолидираната годишна сметка на Друштвото за 2019 година, поединечните и консолидираните финансиски извештаи за 2019 година и Годишниот извештај за работењето во 2019 година потврди дека информациите искажани во истите се објективни и искажани согласно законските прописи и стандардите од финансиската област. Оттука, Надзорниот Одбор оправдано даде согласност на Одлуката за распределба на добивка, која покрај фактичка финансиска основаност беше и правно основана, односно изготвена согласно критериумите утврдени во Законот за трговските друштва и останатите позитивни законски прописи. Во однос на предложените материјали и одлуки за донесување од страна на Собранието на акционери на Друштвото Надзорниот Одбор истите ги прифати и одобри.

### 3. Ревизија на финансиските извештаи и Годишната сметка за 2019 година

Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, секоја година, редовно ги разгледува финансиските извештаи од извршена ревизија како би се добило слика за целокупното работење и управување на Друштвото, но исто така и за да се идентификуваат области на кои е потребно да се фокусира деловната политика и стратешкото одлучување. Мислењето од извршената ревизија на независниот ревизор „Moore Stephens“ Скопје констатира материјалните

аспекти од работењето на Друштвото, финансиските податоци и економската состојба, Извештајот за паричните текови и Извештајот за промена на главнината се презентирани објективно, транспарентно и веродостојно, во согласност со позитивните законски прописи и меѓународните сметководствени стандарди. Оттука, а имајќи ги во вид наодите и постојаниот надзор кој го остваруваше за целиот тек на предметниот период, Надзорниот Одбор утврди дека резултатите од работењето одговараат на податоците презентирани во финансиските извештаи, поради што оцени дека ревизијата е успешна и сеопфатно извршена, во согласност со книговодствените евиденции за Друштвото.

Дополнително, Надзорниот Одбор уште еднаш ги констатира активностите и напорите на Управниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје и надлежните служби за навремено идентификување и континуирано следење на можните ризици во работењето и оцени дека истите успешно управувале со сите состојби и околности кои значат ризик-менаџмент, а кои особеносе однесуваат на проценка на кредитниот, пазарниот и ликвидносниот ризик, промените во цените и каматните ризици, па во таа насока благовремено дејствувале со цел надминување на можните влијанија врз работењето и профитабилноста на Друштвото.

4. **<u>Разгледување на преодни задачи за работа во 2020 година</u>**

Преодните задачи за 2020 година на секоја од организационите и работните единици во Друштвото, кои Надзорниот Одбор ги разгледуваше преку извештаите и плановите за работа на истите, предвидуваат економски раст и услови за иден развој на Друштвото, со можности за проширување на деловните активности, доколку и во 2020 година продолжат трендовите на економски инвестиции во Р. Северна Македонија. Меѓутоа со оглед на тоа дека во периодот март-април 2020 година, целокупното стопанство е изложено на економски флуктуации како резултат на здравствената криза предизвикана од пандемијата на вирусот Ковид-19, останува активно да се следат економските текови и да се преземаат потребни дејствија и мерки во насока на оптимизација на работењето на Друштвото.

## III. РАБОТА НА СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Законските обврски кои произлегуваат од Законот за трговските друштва на Р. Северна Македонија, упатуваат на обврските на Надзорниот Одбор, согласно член 415-а, па во таа насока Надзорниот Одбор одобри и усвои:

- Годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија во 2019 година;
- Шестмесечен извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за период јануари-јуни 2019 година;
- Годишен извештај за работа на Службата за внатрешна ревизија во 2019 година;

Увидот во горе-наведените документи потврди дека Службата врши системски приказ и оценување на управувањето со ризиците во тековното работење на Друштвото и притоа редовно изготвува преглед за мерките и препораките упатени до секторите, организационите и работните единици во насока на нивна имплементација и зголемена ефективност и ефикасност. На тој начин, Надзорниот Одбор ги идентификуваше областите каде може да се унапреди организациониот процес, како и процесот на контрола и управување, врз основа на што донесе соодветни одлуки и предложи преземање на соодветни мерки и активности за нивно имплементирање.

Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје цени дека Службата за внатрешна ревизија континуирано остварува успешна соработка со секторите, службите, организационите и работните единици кои функционираат во рамки на ГД Гранит АД Скопје.

## IV. СОРАБОТКА СО УПРАВЕН ОДБОР НА ГД ГРАНИТАД СКОПЈЕ

Континуираната соработката помеѓу Надзорниот Одбор и Управниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје продолжи и во текот на 2019 година, врз основа на која Надзорниот Одбор навремено беше информиран за сите околности и ситуации кои може да бидат од значење за негово одлучување и дополнително Управниот Одбор редовно и навремено ја доставуваше потребната документација и акти, согласно позитивните законски прописи и тековно-утврдените потреби на Друштвото.

## V. ПРЕПОРАКИ ОД НАДЗОРЕН ОДБОР ДО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Следењето на работата на Друштвото во 2019 година му овозможи на Надзорниот Одбор да изврши оценка и непосредна контрола, па врз основа на тоа, Надзорниот Одбор констатира дека дадените укажувања, одлуки, препораки и заклучоци навремено беа имплементирани во работењето на Друштвото од страна на Управниот Одбор на ГД ГранитАД Скопје.

Оттука, согласно член 480 став 3 од Законот за трговските друштва на Р. Северна Македонија, Надзорниот Одбор ги разгледа, одобри и му предлага на Собранието на акционери на ГД ГранитАД Скопје, да ги усвои:

1. Годишна сметка и консолидирана годишна сметка на ГД ГранитАД Скопје за 2019 година;
2. Поединечни и консолидирани финансиски извештаи за работењето на ГД Гранит АД Скопје за 2019 година;
3. Годишен извештај за работењето на ГД Гранит АД Скопје за 2019 година;
4. Извештај од извршена ревизија за годишна и консолидирана годишна сметка на ГД Гранит АД Скопје за 2019 година и финансиските извештаи;
5. Извештај за работењето на Надзорен Одбор за 2019 година и извршена проверка на Годишна и консолидирана годишна сметка на ГД Гранит АД Скопје за 2019 година, на финансиските извештаи и ревизорските извештаи;
6. Одлука за одобрување на работењето на членовите на Управниот Одбор и работата на членовите на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје во 2019 година;
7. Одлука за распределба на добивка на ГД Гранит АД Скопје остварена по Годишна сметка за 2019 година;
8. Одлука за исплата на дивиденда за 2019 година;
9. Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во ГД Гранит АД Скопје во 2019 година;

## VI. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во 2019 година, Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје работеше во рамки на утврдените надлежности согласно Законот за трговските друштва, Статутот на Друштвото, Деловникот за работа и останатите општи акти за остварување на редовната деловна активност на ГД Гранит АД Скопје. Членовите на Надзорниот Одбор активно придонесуваа во рамки на работењето и учествуваа во донесувањето на одлуки, транспарентно, преку објективна, компетентна и сеопфатна анализа.

И во 2020 година, Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје ги поддржува стратешките приоритети и деловната политика  за развој утврдени од страна Управниот Одбор на ГД „Гранит„ АД Скопје, како и останатите планови за понатамошен економски раст и успешно исполнување на преземените работни проекти во 2020 година.

Скопје, Април 2020 година

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ**
**П р е т с е д а т е л**

**/Ивана Милковска - Симева/**